# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ
**Stomatidin® 0.1%, раствор**
**hexetidine**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Овој лек може да го купите и без лекарски рецепт. Потребно е да се придржувате кон препораките во ова упатство, како би со примената на лекот добиле најдобри резултати.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако се јави серизозно несакано дејство или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, веднаш кажете му на Вашиот доктор или фармацевт.*

**Упатството содржи:**


*1. Што претставува Стоматидин® 0,1%, раствор и за што се употребува*
*2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот Стоматидин® 0,1% раствор*
*3. Како да го употребувате лекот Стоматидин® 0,1% раствор*
*4. Можни несакани дејства*
*5.Како да го чувате лекот Стоматидин® 0,1%, раствор*
*6.Други информации*


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СТОМАТИДИН® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Стоматидин® е раствор за испирање на оралната шуплина. Во својот состав има хексетидин, кој је активен кон многу бактери и габички.

Лекот се применува во следните индикации:

- Лекување на лесни инфекции на оралната шуплина, вклучувајќи инфекјции со габички (кандидијаза).
- Помош во превенирање и третман на воспаление на непцата (гингивитис)
- Болно грло
- Афтозни улцерации кои се повторуваат
- Елиминирање на лошиот здив од усната шуплина (халитоза)
- Пред и по дентални хируршки интервенции, со цел спречување на инфекции

## 2. ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ СТОМАТИДИН® РАСТВОРОТ

*Информирајте го Вашиот доктор ако употребувате и други лекови, ако имате некоја хронична болест, нарушување на метаболизмот, ако сте преосетливи или сте имале алергиска реакција на некој лек.*

**Немојте да го употребувате Стоматидин® 0,1% растворот**

Овој лек е соодветен за повеќето пациенти, но во некои случаи не смее да се користи.

Не го променувајте растворот Стоматидин® ако сте имале или имате реакција на пречувствителност кон хексетидин или некој друг составен дел од лекот.

**Бидете претпазливи со лекот Стоматидин 0,1% раствор**

Во колку се појават знаци на пречувствителност кон хексетидин или другите состојки, примената на лекот треба веднаш да се прекине.

Лекот не се препорачува за примена кај деца помали од 6 години.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**Примена на други лекови со лекот Стоматидин® 0,1% растворот**

*Имајте во предвид дека овие информации може да се однесуваат и на лековите кои веќе не ги користите, како и на лековите кои планирате да ги користите во иднина. Ве молиме да го информирате Вашиот доктор ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Не се познати несакани интеракции на хексетидин со други лекови при локална примена.

**Примена на храна и пијалоци со лекот Стоматидин® 0,1% растворот**

Ефикасноста на лекот е најдобра кога се применува по јадење.

**Бременост и доење**

*Пред да почнете со примената на некој лек, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

Ако сте трудни или доите, можете да го применувате Стоматидин®, со обврзно придржување кон напатствието за дозирање и начинот на примена.

**Управување со возила и машини**

Лекот нема влијание врз способноста за управување на возила и/или ракување со машини.

**Други предупредувања**

- Стоматидин® 0,1% растворот во својот состав има пропиленгликол, кој при локална примена може да ја надразни кожата.
- Азорубин (Е 122) може да предизвика алергиски реакции.
- Овој лек содржи мала количина на етанол 96% (алкохол), кој може да предизвика иритација или сушење на кожата поради честата примена на лекот.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ СТОМАТИДИН® 0,1% раствор

*Лекот треба да се применува според приложеното упатство.*
*Ако мислите дека дејтсвото на лекот е прејако или преслабо, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Напатствие за примена на лекот**

Стоматидин® 0,1% растворот е наменет само за надворешна примена во усната шуплина.
Применувајте го Стоматидин® 0,1% растворот 2-3 пати на ден, најдобро наутро или навечер, по јадење.
Стоматидин® 0,1% растворот не смеете да го проголтате, ниту да го разредувате.

**Дозирање**

*Возрасни и деца на возраст од 6 години и над*

Со најмалку 15 ml (1 супена лажица) неразреден раствор Стоматидин® 0,1% треба устата да се испира или да се направи гаргара, во траење од најмалку 30 секунди, а потоа обавезно растворот да се исплука.

На заболените места во усната шуплина Стоматидин® 0,1% растворот може да се нанаесе со памукче натопено во раствоот.

*Деца на возраст до 6 години*

Стоматидин® 0,1% растворот не се препорачува за примена кај деца помали од 6 години.

**Ако примените повеќе Стоматидин® 0,1% раствор отколку што треба**

*Ако сте примениле Стоматидин® 0,1% раствор повеќе од она што требало, веднаш да се обратите на Вашиот лекар или фармацевт!*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

упатство, веднаш да се обратите за помош на Вашиот лекар или, по потреба, во најблиската здравствена установа. Со себе понесете го ова упатство или пакувањето од лекот за да лекарот би знаел кој лек сте го примениле.

**Ако сте заборавиле да го примените лекот Стоматидин® 0,1% раствор**
*Ако сте заборавиле да го примените лекот, не применувајте двојна количина од лекот дополнително, туку продолжите со примената на лекот според вообичаениот распоред.*

Ако сте заборавиле да го примените лекот, пропуштената доза треба да ја примите што е можно побргу и да продолжите со примената во вообичаените интервали. Не применувајте двојна доза од лекот оеднаш да би ја надоместиле пропуштената доза.

**Ако престанете да го применувате лекот Стоматидин® 0,1% раствор**
Во колку нагло престанете со примената на овој лек, не се очекуваат никакви негативни ефекти.

*Во случај на било какви нејаснотии или прашања во врска со примената на лекот Стоматидин® 0,1% раствор обратете му се на Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

*Како и сите други лекови така и лекот Стоматидин® 0,1% раствор може да предизвика несакани ефекти.*

Во колку забележите некој од следниве несакани ефекти, престанете со примената на лекот и разговарајте за тоа со Вашиот лекар:

- блага иритација (во облик на соор на устата, жарење или чешање) на јазикот и/или слузокожата на устата;
- многу ретко, неосетливост и промена на сетилото на вкус кои проаѓаат.

***Во колку било кое од овие несакани дејства стане сериозно, или приметите несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме да за ова го информирате Вашиот лекар или фармацевт.***

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ЛЕКОТ СТОМАТИДИН® 0,1% РАСТВОР

Стоматидин® 0,1% раствор от мора да се чува подалеку од дофат и поглед на деца.
Да се чува на температура до 25°C.
Рок на употреба: 2 години.
Стоматидин® 0,1% растворот не смее да се користи по истек на рокот на употреба кој е назначен на пакувањето.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи лекот Стоматидин® 0,1% раствор**
1 ml Стоматидин® 0,1% раствор содржи 1 mg хексетидин.

Помошни супстанци: пропиленгликол, полисорбат 20, лимунска киселина, нариум сахаринат, рацемска смеса на ментол, метил алицилат, азорубин (E 122), етанол 96%, прочистена вода.

**Како изгледа лекот** Стоматидин® 0,1% раствор и содржина на пакувањето
Стоматидин® 0,1% е бистар, црвено обоен раствор.



Стоматидин® 0,1% раствор е спакуван во темни стаклени шишенца со алуминумски pilfer-proof (PP28) затворач со златна боја или со сигурносен затварач за децата. Шишенцето содржи 200 ml раствор.

**Производител:**
Bosnalijek d.d., Јукичева 53, Сараево, Босна и Херцеговина.

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет во Република Македонија:**
Претставништво БОСНАЛИЈЕК Д.Д., во Р.Македонија, Бул.Партизански Одреди 101, 1000 Скопје ,Р.Македонија.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт.

**Број и датум на решението за ставање на лекот во промет:**

**Датум на ревизија на упатството**
Октомври 2014.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •